СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 21 октомври 1987
Скопје
Број 39 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 150 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

694.

Врз основа на член 95-а од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“, бр. 15/80, 26/80 и 18/82), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила („Службен весник на СРМ“ бр. 14/86 и 10/87) во член 2, став 1, во точката 1, бројот „600,00“ се заменува со бројот „1.200,00“, а во точка 2 бројот „100,00“ со бројот „200,00“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 23-403/1
1 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

695.

Врз основа на член 86 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86), директорот на Републичката геодетска управа донесува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на изготвување на нумерички податоци за недвижности.

Член 2

Нумерички податоци за недвижности се изготвуваат при изградба на објекти (патишта, железници, мелиоративни работи и др.) и изведување на други работи (реализација на урбанистички планови во градовите и населбите од градски карактер и др.), доколку настануваат промени на податоците на недвижностите во катастарските планови и катастарскиот операт.

Член 3

Со нумеричките податоци се искажуваат формата, положбата и големината на недвижноста претставени преку елементите: координати на точките, големина на страните, површина и број на катастарската парцела на недвижноста.

Член 4

Нумеричките податоци од член 3 од овој правилник се изготвуваат врз основа на геодетските мерења на теренот, од катастарскиот план (копие од катастарски план, список на парцели — образец бр. 1 од овој правилник), локацијата и проектот на објектот.

Член 5

Основа за вршење на геодетските мерења се мрежите на геодетски точки.

Геодетските мерења на недвижностите се вршат по ортогонална или поларна метода.

Мрежите на геодетски точки се поставуваат и одредуваат според Правилникот за основните геодетски работи и за поставување на мрежите на геодетски точки и Правилникот за начинот за снимање на недвижностите.

Член 6

Точноста на нумеричките податоци не може да биде помала од точноста на катастарскиот план.

НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ПРИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ

Член 7

Инвеститорот на објектот треба да прибави од Општинската геодетска управа копие од катастарскиот план за недвижноста на која ќе се гради.

Член 8

На копието од планот инвеститорот го нанесува објектот со елементите што ги содржи проектот според решението за локација.

Член 9

Од копието на катастарскиот план со нанесениот објект се изготвува список на парцелите опфатени со граничните линии на објектот.

Член 10

Списокот на парцели од член 9 од овој правилник се изготвува поодделно по катастарски општини во образец број 1 од овој правилник.

Член 11

Врз основа на податоците содржани во проектот на објектот и мрежите на геодетски точки се обележува објектот на терен.

Обележувањето на објектот се врши со поставување на дрвени колци на пресечените точки од парцелите со граничната линија на објектот.

Член 12

Обележување на објектот на терен се врши од мрежа на геодетски точки поставени надвор од просторот на објектот.

Обележување се врши по ортогонална или поларна метода на мерење.

Член 13

По извршеното обележување на објектот на терен се пристапува кон геодетско снимање на објектот со сите настанати промени во однос на сопственоста, површината, културата и класата.

Член 14

Снимање на објектот и впишување на податоци од терен се врши поодделно по катастарски општини.

Член 15

Општинската геодетска управа врши картирање на објектот со молив на катастарските планови во кои се спроведуваат катастарските измени.

Член 16

По извршеното картирање на објектот, за променетите парцели се врши споредување на податоците земени од теренот со податоците внесени во списокот на парцели.

Доколку се појави разлика во сопственоста, културата и класага, Општинската геодетска управа во рок од 15 дена ќе ја усогласи состојбата на катастарскиот операт со состојбата на терен, согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Новите катастарски култури и класи ги утврдува стручно лице од Општинската геодетска управа.

Член 17

Нумерирањето на парцелите низ кои минува граничната линија на објектот се врши според Правилникот за одржување на премерот и катастарот на недвижностите.

Член 18

Пресметување на површини се врши поодделно по катастарски општини во образец бр. 2 од овој правилник, според Правилникот за одржување на премерот и катастарот на недвижностите.

Пресметаните површини се израмнуваат во рамките на површината на парцелата евидентирана во катастарскиот операт.

За пресметаните површини се изготвува рекапитулација за стара и нова состојба на катастарските парцели, со што се обезбедува контрола на пресметаните и внесени податоци во образец бр. 2 од став 1 на овој член.

Член 19

По извршеното пресметување на површините на парцелите опфатени со објектот се составува список на парцели — образец бр. 3 од овој правилник.

Списокот од претходниот став се изработува врз основа на катастарскиот операт со спроведените промени и податоците во образец бр. 2 од овој правилник.

Член 20

Списокот на парцели од став 1 на член 19 од овој правилник се изработува во два примероци од кои еден се доставува до инвеститорот на објектот.

Општинската геодетска управа го заверува списокот со напомена: „податоците од овој список одговараат со положбата во катастарскиот операт на денот на заверувањето".

Член 21

За парцелите опфатени со објектот се изготвува копие од катастарски план, кое го носи бројот од заверката на списокот во член 20 од овој правилник.

Член 22

Списокот на парцели од член 20 од овој правилник и копието од катастарскиот план од член 21 од овој правилник ја чинат збирката на податоци за недвижностите.

Член 23

За деталот на објектот на кој е извршено отстапување од проектот при изградба, начинот на изготвување на нумерички податоци се повторува.

Член 24

Збирката податоци за недвижностите претставува основа за решавање на имотно-правните односи.

По правосилноста на актот за решените имотно-правни односи за недвижностите, Општинската геодетска управа врши туширање на граничната линија на објектот и спроведување на промените во катастарскиот операт.

Член 25

Површините на новонастанатите парцели се собираат и се формира една или повеќе катастарски парцели, зависно од формата и положбата на објектот во просторот.

Новоформираната парцела добива посебен катастарски број.

Член 26

Инвеститорот на објектот ја обележува граничната линија со камени белези.

НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНОСТИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Член 27

Општинската геодетска управа, односно надлежниот општински орган, врши геодетско премерување и обележување на градежните парцели.

Геодетско обележување се врши согласно со Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање.

Член 28

Обележување на градежна парцела при изградба на нов објект се врши од постојани геодетски точки, а врз основа на податоците земени од урбанистичките планови за реализација, по една од методите за геодетски мерења.

Член 29

По обележување на новонастанатата градежна парцела се врши снимање на парцелата и деловите на парцелите од кои таа се формира.

Снимањето се врши според Правилникот за одржување на премерот и катастарот на недвижностите

По снимањето се утврдуваат површините на парцелите од кои е составена градежната парцела, односно се идентификуваат сопствениците, културите и класите.

Член 30

За снимената градежна парцела се изготвува скица според Правилникот за одржување на премерот и катастарот на недвижностите.

Член 31

Општинската геодетска управа ја картира со молив градежната парцела во катастарските планови, а по извршеното картирање врши споредување на податоците од скицата на премерувањето со податоците од катастарскиот операт.

Член 32

По извршеното картирање на градежната парцела се врши нумерирање и пресметување на површините на делбените парцели од кои е формирана градежната парцела, според Правилникот за одржување на премерот и катастарот на недвижности.

Член 33

По извршеното пресметување на површините од член 32 од овој правилник Општинската геодетска управа составува список на парцели — образец бр. 4 од овој правилник.

Списокот од став 1 од овој член служи за изготвување на документација за решавање на имотно-правните односи.

Член 34

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-1248/1

7 октомври 1987 година

Скопје

Директор

на Републичката геодетска управа,

дипл. геод. инж. **Коста Христов**, с. р.

Н.П.Образец бр.1

СР МАКЕДОНИЈА _____
ОПШТИНА _____
КАТ.ОПШТИНА _____

СПИСОК НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

страна _____

Реден број	Носител на правата на недвижноста за граѓаните-презиме, татково име и име за правното лице-точен назив на организацијата	Место на живеење седиште	Улица	куќен број	БРОЈ: единствен матичен	на имотен лист	на парцела	на дел	на зградата	на планот	на скицата	кат.култура	кат.класа	ПОВРШИНА: ха	а	м²	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15			16

Р МАКЕДОНИЈА
ШТИНА _____
АТ.ОПШТИНА _____

ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

Н.П. Образец бр.2

страна _____

Број на парцелата: основен	дел	Читање на планиметарот или оригинални мери: д.о.	Разлика од две читања на планиметарот: д.о.	Аритметичка средина од две разлики: д.о.	Нониусова единица	Производ од аритметичката средина и нониусовата единица: д.о.	Пресметана површина: х	а	м²	д.о	поправка: а	м²	д.о	Дефинитивна површина на парцелата: х	а	м²	д.о	ЗАБЕЛЕШКА
1		2	3	4	5	6	7				8			9				10

Н.П. образец бр.3

страна _____

ДОСЕГАШНА ПОЛОЖБА

ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ: Реден број	за граѓаните: презиме, татково име и име за правното лице точен назив на организацијата	место на живеење или седиште	улица	куќен број	ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНОСТА: Број на имотен лист	единствен матичен број	Број на парцелата: основен	дел	бр.на зграда	бр.на скицата	бр.на планот	кат.култура	кат.класа	викано место	површина: х	а	м²
1	2	3	4	5	6	7	8		9	10	11	12	13	14	15		

СР МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА _____
КАТ.ОПШТИНА _____

СПИСОК НА ПОДАТОЦИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Н.П. образец бр.4

страна _____

НОСИТЕЛИ НА ПРАВАТА СО ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНОСТИТЕ: Реден број	единствен матичен број	број на имотен лист	За граѓаните: презиме, татково име и име за правното лице: точен назив на организацијата	место на живеење-седиште	улица	Број на куќата	Бр.на парцела: основен	дел	Број на планот	Бр.на скицата	кат.култура	кат.класа	ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА: површина: х	а	м²	катастарски број на градежната парцела	број на решението за локацијата	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6	7	8		9	10	11	12	13			14	15	16

СР МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА _____
КАТ.ОПШТИНА _____

НОВА ПОЛЖБА

ПОДАТОЦИ ЗА НЕДВИЖНОСТА: Реден број	Број на имотен лист	Единствен матичен број	Број на парцела: основен	дел	Бр.на зграда	Бр.на скицата	Бр.на планот	кат.култура	кат.класа	викано место	Површина: х	а	м²	ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ: за граѓаните: презиме, татково име и име за правното лице: точен назив на организацијата	место на живеење или седиште	улица	куќен број
1	2	3	4		5	6	7	8	9	10	11			12	13	14	15

696.

Врз основа на член 37 од Законот за општествените совети и републичките општествени совети („Службен весник на СРМ“ бр. 24/80) и член 43 од Деловникот на Општествениот совет за прашања на општественото уредување, Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување, на седницата одржана на 7 октомври 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА ПРАШАЊА НА ОПШТЕСТВЕНОТО УРЕДУВАЊЕ

1. За претседател на Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување со мандат од една година се избира м-р Павле Георгиевски, потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 28-1/11
8 октомври 1987 година
Скопје

Претседател
на Советот,
д-р **Трајче Грујоски** с. р.

697.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 30 септември 1987 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за систематизација на работите и работните задачи, донесен од Работничкиот совет на 7 ноември 1982 година во Работната организација „Треска-Осогово“ во Крива Паланка во делот во кој бодовите се утврдени во фиксен износ.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената организација на начин и во постапка предвидена за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У бр. 48/86 од 15 април 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука Постапката е поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на оспорениот акт со член 23 од Уставот на СР Македонија и за неговата спротивност со член 127 став 1 и член 463 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека Правилникот за систематизација на работите и работните задачи е донесен на 7 ноември 1982 година од страна на Работничкиот совет и во него се утврдени мерила (бодови) во фиксен износ врз основа на кои се врши распределба на средствата за лични доходи.

Според член 23 од Уставот на СР Македонија и членовите 127 став 1 и член 463 од Законот за здружениот труд, работниците во основната организација се должни со референдум да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај во Правилникот за систематизација се утврдени мерила во фиксен износ од страна на Работничкиот совет и врз основа на овој акт се врши распределба на средствата за лични доходи, Судот смета дека оспорениот акт во делот во кој се утврдени бодовите во фиксен износ не е во согласност со член 23 од Уставот на СР Македонија и дека е во спротивност со член 127 став 1 и член 463 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 48/86
30 септември 1987 година
Скопје

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на Македонија
Судија,
Мугбил Бејзат, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

228.

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 8 октомври 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИЗНОСОТ НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА ЗА 1987 ГОДИНА (ВТОРО УСОГЛАСУВАЊЕ)

Член 1

Заради усогласување на износот на додатокот на деца со тековниот пораст на личниот доход, поединечниот износ на додатокот на деца утврден за 1987 година се валоризира со 11,1%.

Член 2

Валоризираниот износ на додатокот на деца ќе се исплатува во висина на редовниот износ за секое дете — корисник, кое се стекнало со право на додаток на деца од 1. IV. 1987 година, заклучно со 31. XII. 1987 година.

Член 3

Исплатата ќе се изврши заедно со редовниот износ за месец ноември од тековниот прилив на средствата, а ќе ја спроведат стручните служби на општинските СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 11-1361/3
8 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
Павлина Василева, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА

229.

Врз основа на член 20 од Статутот на Републичката заедница на културата и согласно заклучокот на Извршниот совет на Собранието на СРМ од 19. V. 1987 година за реализација на Програмата за мерките и активностите за економско-финансиската консолидација на стопанството и банките во СР Македонија, Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 21 септември 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ОД ОБВРСКА ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА НЕУПЛАТЕНИТЕ ПРИДОНЕСИ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1986 ГОДИНА И ЗА ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ

Член 1

Се ослободуваат од обврска за уплатување на неуплатените придонеси на Републичката заедница на културата за 1986 година и за поранешни години организации на здружен труд кои искажале загуби во работењето.

Ослободувањето од обврската за уплата на неуплатените придонеси ќе се врши врз основа на доставено барање за ослободување, верифицирана програма за економско-финансиска консолидација или искажана непокриена загуба со завршната сметка за 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0804-7/41
21 септември 1987 година
Скопје

Претседател,
акад. **Крум Томовски**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

230.

Врз основа на член 21 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 32/87), Собранието на Републичката СИЗ за вработување, на седницата одржана на 14 октомври 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО, ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ИСПЛАТАТА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТ И ПОРОДУВАЊЕ

Член 1

Невработеното лице — жена корисник на паричен надоместок има право на парична помош за време на бременост и породување во согласност со Законот.

Член 2

Парична помош за време на бременост и породување изнесува 20% од висината на загарантираниот личен доход во Републиката.

Член 3

Паричната помош на лицето од член 1 на оваа одлука му припаѓа од денот на отворањето на породилното отсуство ако барањето на парична помош е поднесено во рок од 90 дена по отворањето на породилното отсуство, односно паричната помош тече од денот на поднесувањето на барањето ако барањето е поднесено после овој рок, а најдоцна до истекот на времето за кое би му припаѓало тоа право.

Член 4

Правото на парична помош за време на бременост и породување се остварува во заедницата за вработување кај која е евидентирано односно во заедницата за вработување кај која е уплатуван придонесот за вработување.

Доколку корисникот на правото на парична помош за време на бременост и породување во текот на исплатата го промени местото на живеење и се пријави во друга заедница за вработување, за преостанатиот дел на парична помош исплата врши заедницата за вработување каде лицето се пријавило, со тоа што оваа заедница за вработување има право на рефундација на исплатениот износ од заедницата кај која е остварено правото.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 6 јули 1987 година.

Бр. 02-1099
14 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
Илија Стефановски, с. р.

231.

Врз основа на член 25 од Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ" бр. 32/87), Собранието на Републичката СИЗ за вработување, на седницата одржана на 14 октомври 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА И СТАПКАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА ЛИЦЕ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со оваа одлука се утврдува основицата и стапката за пресметување и плаќање придонес за вработување за лице на привремена работа во странство во земји со кои СФР Југославија нема склучено спогодба за осигурување во случај на невработеност.

Член 2

За пресметување и плаќање на придонес за вработување се определуваат основици во постојани месечни нето износи и тоа:

1. износ од 260.000 динари месечно, за лица со завршена висока стручна подготовка;
2. износ од 200.000 динари месечно, за лица со завршена виша стручна подготовка или висококвалификувани работници;
3. износ од 148.000 динари месечно, за лица со завршена средна стручна подготовка или квалификувани работници;
4. износ од 104.000 динари месечно, за лица со неполна средна стручна подготовка или полуквалификуван (приучен) работник;
5. износ од 87.000 динари месечно. за неквалификувани работници.

Член 3

Стручната подготовка односно квалификацијата се докажува со диплома-свидетелство за завршена стручна подготовка односно квалификација.

Член 4

Лицето на привремена работа во странство плаќа придонес за вработување по стапка од 35% на основица утврдена со членот 2 од оваа одлука.

Член 5

Придонесот за вработување се уплатува на сметка на заедницата за вработување според местото на живеење на лицето односно членовите на потесното семејство во Југославија.

Како живеалиште, во смисла на ставот 1 од овој член, се смета местото на територијата на општината во која лицето е запишано во евиденцијата за живеалиштето во смисла на Основниот закон за евиденција на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен лист на СФРЈ" бр. 18/65).

Член 6

Придонесот за вработување стасува за плаќање до 30 во месецот за претходниот месец.

Лицето не може да го уплати придонесот за вработување по престанокот на работниот однос во странство, односно по враќањето во земјата.

Член 7

Доколку лицето треба да уплати придонес за вработување за време до еден месец, за секој календарски ден во односниот период се плаќа по 1/30 од пресметаниот месечен износ на придонесот за вработување.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1100
14 октомври 1987 година
Скопје

Претседател,
Илија Стефановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КОЧАНИ

232.

Врз основа на член 101 став 1 и член 103 став 1 и 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 43/85) и член 170 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кочани („Службен гласник на општина Кочани" бр 1/85), Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кочани, на седницата на соборите на делегатите корисници на услуги — работници и на делегатите — даватели на услуги, одржана на 24 септември 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување се определува во висина од 7,50% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4,05%;

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита што самостојно го утврдува Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување од 3,45%.

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува и тоа:

— по 0,30% за организациите на здружениот труд распоредени во номенклатурата за стопанските области од 1—11 од основицата што ја сочинува вкупниот доход намален за износот на законските и договорните обврски;

— по 0,50% сите други организации, интересни заедници и самостојни занаетчии и лица вработени кај приватни работодавци што не формираат доход. Основицата за пресметување ја сочинува бруто исплатениот личен доход и другите примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува по стапка од 20% од нето исплатениот личен доход односно од основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на здравствена заштита сразмерно на стапката односно тарифата на придонесот определен со членот 1 на оваа одлука.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на Заедницата за вработување за паричниот надоместок на привремено безработните лица и на уживателите на пензии се определува на 12,70% од нето примањата.

За лицата пријавени во Заедницата за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја сочинуваат просечниот износ на паричен надоместок на привремено безработните лица во време за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Ако во времето кога се плаќа придонесот за здравственото осигурување основицата не може да се определи на начин утврден во претходниот став бидејќи не се исплатува надоместок на привремено безработните лица, како основица за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа по стапка од 2% од исплатениот нето надоместок.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со законот и актите на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кочани.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0203-156 од 20. II. 1986 година и Одлуката за продолжување на важноста на истата, бр. 0203-818 од 26. XII. 1986 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1987 година и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0203-501
24 септември 1987 година
Кочани

Собрание на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кочани
Претседател,
Благој Ситновски, с. р.

Собор на делегатите корисници на услуги — работници
Претседател,
Иванка Димитрова, с. р.

Собор на делегатите даватели на услуги
Претседател,
д-р **Лилјана Хаџиева,** с. р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд е покрената постапка за амортизација на чековите под реден број 1653773—1653780, издадени врз основа на тековната сметка издадена од Љубљанска банка — Основна банка, Скопје, под бр. 4290/66, од предлагачот Исмаил Рамис од Скопје,

со стан на ул. „Методи Митевски“ бр. 1/1-2, против противникот Љубљанска банка — Основна банка — Скопје.

Се моли секој оној кој знае нешто за чековите или кај кого се наоѓаат, за истото да го извести судот или да ги достави до судот. Во спротивно, истите ќе бидат поништени во рок од 60 дена по објавувањето на овој оглас.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Р. бр. 143/87. (135)

ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Се повикува Трајчевски Тале, со последно живеалиште во с. Дедебалци, кој наводно умрел на 13. III. 1983 година, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ да се јави на овој суд. Истовремено судот го повикува секој друг кој нешто знае за неговиот живот за тоа да го извести судот.

По истекот на наведениот рок, судот ќе донесе одлука по предлогот за утврдување на смрт.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП бр. 307/87.

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужба на тужителката Хабибе, сопруга на Рамадан Весели и др. од с. Пршовце против туженият Селмани Велиев Абдураман од Тетово, ул. „29 Ноември“ бр. 39, сега со непозната адреса во странство, и други.

Се повикува туженият Селмани Велиев Абдураман да се јави во судот, да достави адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува во постапката по овој предмет во рок од 30 дена по објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок, судот на туженият ќе му постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи — Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 593/87.

Пред овој суд се води спор за поништување на наследничка изјава по тужба на тужителката Наумовска Јорданка од Скопје, ул. „Бриселска“ бр. 7/1-2, против тужените Ѓорѓе Јовановиќ, Драгутин Јовановиќ и Атанас Јовановиќ, сите од с. Вратница, а сега на привремена работа во САД.

Се повикуваат лицата Ѓорѓе Јовановиќ, Драгутин Јовановиќ и Атанас Јовановиќ сите од с. Вратница, а сега на привремена работа во САД, да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да ги достават своите адреси или постават свој полномошник. Во спротивно, судот ќе им постави привремен застапник кој ќе ги застапува нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1140/87.

Пред овој суд се води постапка по предлог на предлагачот Биковски Павле од Тетово за прогласување на лице за умрено.

Се повикува лицето Биковски Ристо од Тетово, или секој друг што знае за неговиот живот да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 498/87

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка по предлог на предлагачката Јовановска Јелена од с. Беловиште за докажување на смртта на нејзиниот маж Јовановски Диме.

Се повикува лицето Јовановски Диме од с. Беловиште или секој друг што знае за неговиот живот да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 578/87.

РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1056 од 3. IX. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-339-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Спомен домот на културата „АСНОМ“, Гостивар, ул. „Никола Парапунов“ бр. 55, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Томислав Серафимовски, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Стојан Карајанов, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1056/87. (348)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1078 од 14. IX. 1987 година на регистарска влошка бр. 2-1917-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Рудник“, Р. О. с. Лојане, Куманово, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Секирарски Љубомир, директор, а се запишува новиот застапник Јован Гелевиќ, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1078/87. (349)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1018 од 12 VIII. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1624-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Меѓуопштинскиот затвор Скопје, Посебна единица со стопанска дејност, Н. Суб, О, Скопје, населба Шуто Оризари, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Александар Илиевски, застапник на единицата, без ограничување, а се запишува новиот застапник Геле Поп Ташев, управник, застапник на единицата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1018/87. (350)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1171 од 21. IX. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-772-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето и поблиската адреса со следните податоци: Се запишува промената на досегашното седиште на Македонската филхармонија, Ц. О., Скопје, ул. „Бранислав Нушиќ“ бб и во иднина ќе гласи: Македонска филхармонија, Ц. О., Скопје, Булевар „ЈНА“ бб — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1171/87. (351)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1173 од 21. IX. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-9-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Медицинскиот факултет, О. Сол. О. со ООЗТ, Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки, Скопје ООЗТ Клиника за гастроентерохепатологија, Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник проф. д-р Пенчо Давчев, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник проф. д-р Владислав Бидиков, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1173/87. (352)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1180 од 23. IX. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-1083-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Електро-механичарската услужна задруга „Техника“, Р. О., Скопје, ул. „Македонско-ко-

совска бригада“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Стојчевски Илчо в. д. директор, а се запишува новиот застапник Димитровски Перо, директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1180/87. (353)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 999 од 21. IX 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-2113-0 0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Браварско-лимарската занаетчиска задруга „Мегалец“, Р. О., Скопје, ул. „Ф. Достоевски“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Радомир Терзиски, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Богоевски Ѓорѓи, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 999/87. (354)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1169 од 21. IX. 1987 година, на регистарска влошка бр 1-838-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Центарот за социјална работа „Титов Велес“, Ц. О., Титов Велес, ул. „Д. Влахов“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Милка Николова, директор, а се запишува новиот застапник Вангел Жаров, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1169/87. (355)

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи во СР Македонија („Сл. весник на СРМ“ бр. 18/87), Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор

ОБЈАВУВА

Измени и дополнување на елементите за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход во 1987 година, објавени во „Службен весник на СРМ“ бр. 28 од 8 јули 1987 година

1. Во точка 1 износот „1.164.000 дин.“ се заменува со „1.428.000 динари“.

2. Во точката 8 зборовите „1 јули 1987 година“ се заменуваат со зборовите „1 јануари 1987 година“.

3. По точката 8 се додава нова точка 9, која гласи: „Личниот доход на вработените во ООЗТ и РЗ што согласно Законот за измени на Законот за вкупниот приход и доход („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 65/87), мерилата од Општествениот договор и групациските самоуправни спогодби за распределба ќе ги применуваат почнувајќи од 1. VII. до 31. XII. 1987 година, може да изнесува нето месечно до 173.345 динари, но притоа порастот на личните доходи во ООЗТ и РЗ во 1987 година не може да изнесува повеќе од 95% од оствареniот просечен чист личен доход според завршната сметка за 1986 година, утврден во рамките на мерилата.“

4. Објавата од Координациониот одбор во „Сл. весник на СРМ“ бр. 36 од 24. IX. 1987 година се става вон сила.

Координационен одбор
Претседавач,
Душан Петрески, с. р.

СООПШТЕНИЈА

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79 и 46/82), собранијата на општините Карпош и Центар — Скопје објавуваат дека ќе извршат

ИЗБОР НА ДВАЈЦА СУДИИ НА ОПШТИНСКИОТ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Кандидатите за избор на судија треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење,

— да имаат положено правосуден испит и

— да имаат морално- политички квалитети за вршење на судската функција.

Заинтересираните кандидати пријавите со потребните документи да ги доставуваат до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на општината Карпош во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето на ова соопштение.

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Сл. весник на СРМ“ број 17/79 и 46/82), Собранието на општината Охрид

О Б Ј А В У В А

дека ќе врши избор на еден судија во Општинскиот суд во Охрид

Се повикуваат заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 91 од Законот за редовните судови пријави да поднесат до Собранието на општината — Комисија за избори и именување во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

СОДРЖИНА

694. Одлука за изменување на Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила — — 697
695. Правилник за начинот на изготвување на нумерички податоци за недвижности — 697
696. Одлука за избор на претседател на Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување — — — 700
697. Одлука на Уставниот суд на Македонија У. бр. 48/86 од 30 септември 1987 година 700

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

228. Одлука за валоризација на износот на додатокот на деца за 1987 година (второ усогласување) — — — — — — — — 700
229. Одлука за ослободување на организациите на здружениот труд од обврска за уплатување на неуплатените придонеси на Републичката заедница на културата за 1986 година и за поранешни години — — — 701
230. Одлука за времетраењето, висината и начинот на исплатата на парична помош за време на бременост и породување — — 701
231. Одлука за утврдување на основицата и стапката за пресметување и плаќање придонес за вработување за лице на привремена работа во странство — — — — 701

КОЧАНИ

232. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство во 1987 година — — 702

Објава за измени и дополнување на елементите за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход во 1987 година — — — — — — — — — 704

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228—204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.